# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 2/2024 14.02.2024 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 35 редова седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 13.02.2024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Констатација за оставка на Денис Тодоровски од член на Советот на Општина Пробиштип бр. 26-199/3,
2. Заклучок за усвојување на Финансиски и наративен извештај за активностите на Младинскиот центар Пробиптип за 2023 година бр. 26-199/4,
3. Одлука за усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ Наум Наумовски Борче во Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр. 26-199/5,
4. Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цената за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад во населените места на територијата на Општина Пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, С.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци бр. 26-199/6,
5. Решение за именување членови од редот на Советот во Општина Пробитип во Комисијата за унапредување на правата на пациентите во Општина Пробиштип бр. 26-199/7,
6. Решение за именување членови во УО на СОУ Наум Наумовски Борче бр. 26-199/8,
7. Решение за престанок на мандат и именување на член во УО на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип, бр. 26-199/9,
8. Решение за престанок на мандат и именување член во УО на ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-199/10,
9. Решение за разрешување на членови во УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-199/11,

10. Решение за именување вршители на должност членови во УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-199/12,
11. Одлука за одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање бр. 26-199/13,
12. Одлука за одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипед и за утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање бр. 26-199/14,
13. Одлука за одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање бр. 26-199/15,
14. Правилник за изменување и дополување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна пачрична помош по барања поднесени до Општина Пробиштип бр. 26-199/16,
15. Одлука за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток, надоместок за попреченост од Центар за социјална работа Пробиштип, а по повод Празникот на градот 28-ми Август бр. 26-199/17,
16. Одлука за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче " Пробиштип бр. 26-199/18,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-199/20
14.02.2024 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, расправајки по поднесената оставка од член на Советот на Општина Пробиштип Денис Тодоровски бр. 26-149/1 од 29.01.2024 година,

## КОНСТАТИРА

Мандатот на Денис Тодоровски член на Советот на Општина Пробиштип престанува пред истекот на мандатот заради поднесена оставка од лични причини.

Мандатот престанува со денот на одржување на седницата, односно на ден 13.02.2024 година.

Број 26-199/3
13.02.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседавач
Борче Миланов с.р

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), член 7 од Одлуката за формирање на младински центар на Општина Пробиштип бр. 26-678/10 од 24.06.2021 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.6/2021) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на финансиски и наративен извештајот за активностите на Младинскиот Центар Пробиштип за 2023 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот и наративен извештајот за активностите на Младинскиот Центар Пробиштип за 2023 година бр. 1102-02/2024 од 31.01.2024 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Финансискиот и наративен извештајот за активностите на Младинскиот Центар Пробиштип за 2023 година бр. 1102-02/2024 од 31.01.2024 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/4
13.02.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседавач
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип расправајќи по предлог - планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2024/2026 година, на седницата одржана на ден 13.02.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2024/2025 година**

Член 1

Се усвојува Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2024/2025 година, бр. 02-45/3 од 23.01.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2024/2025 година, бр.02-45/3 од 23.01.2024 година со табеларен преглед.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и 89/2022) Советот на општина Пробиштип расправајки по барањето согласност на ЈКП Никола Карев Пробиштип на Одлука за утврдување на цената за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад во населените места на територијата на Општина Пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, С.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци бр. 02-133/1 од 02.03.2023 година, на седницата одржана на ден 13.02.2024 година донесе:

## ОДЛУКА
**за давање согласност на Одлука за утврдување на цената за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад во населените места на територијата на Општина Пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, С.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на цената за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад во населените места на територијата на Општина Пробиштип-с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, С.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци бр. 02-133/1 од 02.03.2023 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за утврдување на цената за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад во населените места на територијата на Општина Пробиштип-

с.Плешенци, с.Долни Стубол, с.Турско Рудари, С.Пишица, с.Бучиште и с.Трипатанци бр. 02-133/1 од 02.03.2023 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 3

Одлуката влегува во со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Пробиштип Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) и член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите (Службен Весник на РМ бр.82/08, 12/09 и 53/11) и Одлуката за формирање на Комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите бр. 26-80/23 од 26.01.2024 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.1/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**За именување членови во Комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите во Општина Пробиштип од редот на членови во Советот на Општина Пробиштип**

1. За членови во Комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите во Општина Пробиштип од редот на членови во Советот на Општина Пробиштип се именуваат:
   - Јелена Тонев
   - Зорица Горгиевска и
   - Александра Наунова.

2. Мандатот на именуваните членови ќе изнесува 2 (две) години.

3. Решението влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 88 од Законот за средно

образовение (Службен Весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За именување на членови во Училишниот одбор на СОУ„Наум Наумовски Борче"од Пробиштип**

1. Во Училишниот одбор на Средното општинско училиште „Наум Наумовски Борче"од Пробиштип како претставници од основачот-општина Пробиштип се именуваат членовите:
    - Даниела Малинова
    - Тања Ѓоргиева
2. Мандатот на именуваните ќе изнесува 4 (четири) години.
3. Решението влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 106став 2 од Законот за основно образование (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.161/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За престанок на мандат и за именување на член во Училишниот Одбор на ООУ,,Браќа Миладиновци,, од Пробиштип**

1. На Сања Кузманова и престанува мандатот на член во Училишниот Одбор на Основното општинско училиште „Браќа Миладиновци,, од Пробиштип како претставник од основачот.

2. За член во Училишниот Одбор на Основното општинско училиште „Браќа Миладиновци„ од Пробиштип се именува Весна Димитриевска како претставник од основачот со мандат од 3 години.

3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-199/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 106 од Законот за основно образование (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.161/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За престанок на мандат и за именување на член во Училишниот Одбор на ООУ „Никола Карев„ од Пробиштип**

1. На Горан Арсов му престанува мандатот на член во Училишниот Одбор на Основното општинско училиште „ Никола Карев„ од Пробиштип како претставник од основачот.

2. За член во Училишниот Одбор на Основното општинско училиште „Никола Карев„ од Пробиштип се именува Горан Арсов како претставник од основачот со мандат од 3 години.

3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-199/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) член 17 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“

бр. 275/19 и 89/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување членови од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ Пробиштип**

1. Од Управниот Одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип поради истек на мандатот се разрешуваат членовите:

   - Ристе Атанасов
   - Мартин Младеновски
   - Дане Митровски
   - Владимир Постолов
   - Александар Николовски
   - Катерина Досева

2. Решението влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15 и 23/19) член 17-ѓ став 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, а по предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршители на должност членови во Управниот одбор на Јавното комунално Претпријатие „Никола Карев„ Пробиштип**

1. Во Управниот Одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за вршители на должност членови, се именуваат:
   - Мартин Младеновски-дипломиран правник

- Љупче Стојановски-дипломиран земјоделски инжениер по квалитет и безбедност на храна
- Тоше Амповски-дипломиран рударски инжениер
- Катерина Досева-дипломиран технолог и
- Билјана Станојковска-дипломиран економист.

2. Мандатот на именуваните вршители на должност членови во Управниот Одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип изнесува најмногу 3 (три) месеци, без можност за продолжување.

3. Решениeто влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-199/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**За одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање**

Член 1

Со оваа Одлука се определува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање.

Член 2

Се одобрува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди во 2024 година, кој ќе биде утврден во објавата на општина Пробиштип.

Субвенционирањето се одобрува со цел да се стимулираат граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат почвата и воздухот и не влијаат на климатските промени.

Член 3

Субвенционирањето на граѓаните жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди ќе се финансира од Буџетот на Општина Преобиштип за 2024 година - ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024 ГОДИНА, Подпрограма за заштита на животната средина, вкупната вредност за субвенционирање по оваа мерка изнесува 1.250.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 10.000 денари со вклучен персонален данок.

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден – прв услужен„.

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на општина Пробиштип.

Член 4

За субвенционирање на граѓаните жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди, општина Пробиштип ќе објави јавен повик.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член се објавува на огласната табла на општина Пробиштип и на веб страната на општина Пробиштип, на фејсбук страната на општина Пробиштип и на локалните медиуми и ќе важи за сите уреди кои се набавени од 01.01.2024 година, па се до исцрпување на средствата до крајот на 2024 година.

Во јавниот повик од ставот 1 на овој член се наведуваат условите за учество и пријавување на граѓаните за субвенционирање за набавка на инвертер клима уреди кои Советот на општина Пробиштип ги утврдува со оваа одлука

Постапката за субвенционирање за набавка на инвертер клима уреди ќе ја спроведе трочлена комисија со нивни заменици, формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип од вработените во општинската администрација.

Комисијата од ставот 5 на овој член има обврска:

- Да го објави јавниот повик за субвенционирање на граѓаните жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди
- Да ги разгледа и провери сите пристигнати барања во врска со објавениот повик и
- Да даде предлог до Градоначалникот за прифаќање, отфрлување или одбивање на поднесеното барање во зависност од тоа дали барателот ги исполнува усовите за субвенционирање наведени во објавениот јавен повик.
- Комисијата за својата работа води Записник

Член 5

Барањето за субвенции може да се поднесе во периодот од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпувањето на средствата.

Барателите кои имаат поднесено барање за субвенционирање по исцрпувањето на средствата или немаат уредна и комплетна документација немаат право на субвенција.

Доколку барањето е поднесено навремено, во согласност со условите од јавниот повик и ја содржи целокупната документација согласно објавениот јавен повик, Градоначалникот ќе донесе решение со кое ќе го прифати барањето за субвенција во висина утврдена во член 3 став 3 од оваа Одлука.

Ненавремено поднесено барање ќе се отфрли со решение на Градоначаллникот.

Доколку барањето за субвенција не ја содржи целокупната документација согласно условите објавени во јавниот повик и не ги исполнува условите за одобрување на субвенција, Градоначалникот ќе донесе Решение за одбивање на барањето и ќе ги наведе причините за тоа.

Член 6

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање за набавка на инвертер клима уред треба да ги исполнува следните услови:

- Да е полнолетен жител на општина Пробиштип
- Да има платено данок на имот за станбенот објект во кој ќе биде инсталирен уредот заклучно со 2023 год.
- Инвертер клима уредот да е купен во тековната година за која е распишан јавниот оглас почнувајки од 01.01.2024 година до крајот на 2024 гододина, односно до исцрпување на средствата
- Во домаќинството да нема друг член поднесено барање за субвенционирање на ваков вид субвенција
- До поднесувањето на барањето да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут
- Станбениот објект да не е во фаза на градба да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности и во него да живее барателот и истиот да е на територија на општина Пробиштип.
- Само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за само еден уред
- Барателот претходно да не бил корисник на субвенција од овој тип од Општината или други повици за субвенционирање на набавка на инвертер клима

Барателот за исполнување на условите од став 1 од овој член со барањето ги доставува следниве документи:

- Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа
- Копија од трансакциска сметка
- Изјава за давање на согласност за користење на лични податоци
- Потврда од општина Пробиштип дека е платен данокот на имот заклучно со 2023 година
- Доказ дека купувањето е извршено во 2024 година и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- Фотографија од печката на дрва, јаглен, нафта или мазут која се заменува

- Изјава заверена кај нотар со која барателот под морална, материјална и кривична одговорност ќе потврди дека во домаќинството нема друг член што поднел барање за добивање на овој вид на субвенција
- Имот лист за објектот каде ќе биде инсталиран уредот со адреса на подрачјето на општина Пробиштип.

Член 7

Барање за субвенционирање може да поднесе само едно полнолетно лице од едно домаќинство.

Комисијата ќе врши увид за потврдување на веродостојноста на купениот инвертер клима уред во две фази и тоа:

Во првата фаза ќе ги разгледува пристигнатите барања и документацијата која е доставена со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни.

Во втората фаза ќе изврши теренска проверка кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дали е инсталирана во местото на живеење кое е наведено во барањето и дека станбениот објект не е во изградба и дека барателот до поднесувањето на барањето е корисник на печка на дрва, јаглен мазут или нафта.

Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект и просторија во која е инсталиран инвертер клима уредот.

Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно по принцип на „прв дојден - прв услужен„ по донесени решенија од Градоначалникот за исплата по предлог на Комисијата за исполнети услови од јавниот повик.

Член 8

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-199/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 ја донесе следната:

О Д Л У К А

**За одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипед и за утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање**

Член 1

Со оваа Одлука се определува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за трошоците за набавка на велосипед и се утврдуваат начинот, усовите и постапката за субвенционирање.

Член 2

Се одобрува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за трошоците за набавка на велосипеди што ќе се направат за купување на велосипед во 2024 година, кој ќе биде утврден во објавата на општина Пробиштип.

Член 3

Субвенционирањето на граѓаните жители на општина Пробиштип во трошоците за набавка на велосипеди ќе се финансира од Буџетот на општина Пробиштип за 2024 година - ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024ГОДИНА, Подпрограма за заштита на животната средина, вкупната вредност предвидена за субвенционирање по оваа мерка изнесува 200.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок. Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 40% од вредноста на набавениот велосипед, но не повеќе од 4000 денари во нето износ.

Персоналниот данок ќе паѓа на товар на Општината од вкупно одобрените средства за субвенционирање.

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден – прв услужен„.

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на Општина Пробиштип, се до искористување на средствата предвидени во Буџетот за оваа мерка.

Член 4

За субвенционирање на граѓаните жители на општина Пробиштип за трошоците направени за набавка на велосипед, општина Пробиштип ќе објави јавен повик.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член се објавува, на огласната табла на општина Пробиштип и на веб страната на општина Пробиштип, на фејсбук страната на општина Пробиштип и ќе трае 30 (триесет) дена сметано од денот на објавувањето.

Во јавниот повик од ставот 1 на овој член се наведуваат условите за учество и пријавување на граѓаните за субвенционирање за велосипеди, кои Советот на општина Пробиштип ги утврдува со оваа одлука.

Постапката за субвенционирање за велосипеди ќе ја спроведе трочлена комисија со нивни заменици, формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип од вработените во општинската администрација.

Комисијата од ставот 5 на овој член има обврска:

- Да го објави јавниот повик за субвенционирање на граѓаните жителите на општина Пробиштип на дел на трошоците направени за купување на велосипед
- Да ги разгледа и провери сите пристигнати барања во врска со објавениот повик и

- Да даде предлог до Градоначалникотр за прифакање, отфрлање или одбивање на поднесеното барање во зависност од тоа дали барателот ги исполнува условите за субвенционирање наведени во објавениот јавен повик
- Комисијата за својата работа води Записник

Член 5

Барањето за субвенционирање може да се поднесе во периодот од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпувањето на средствата.

Барателите кои имаат поднесено барање за субвенционирање по исцрпувањето на средствата или немаат уредна и комплетна документација немаат право на субвенција.

Доколку барањето е поднесено навремено, во согласност со условите од јавниот повик и ја содржи целокупната документација согласно објавениот јавен повик, Градоначалникот ќе донесе решение со кое ќе го прифати барањето за субвенција во висина утврдена во член 3 став 3 од оваа Одлука.

Ненавремено поднесено барање ќе се отфрли со решение на Градоначаллникот.

Доколку барањето за субвенција не ја содржи целокупната документација согласно условите објавени во јавниот повик и не ги исполнува условите за одобрување на субвенција, Градоначалникот ќе донесе Решение за одбивање на барањето и ќе ги наведе причините за тоа.

Член 6

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање на велосипед треба да ги исполнува следните услови:

- Да е полнолетен жител на Општината
- Да е платен данок на имот за станбенот објект во кој живее заклучно со 2023 година
- Велосипедот да е купен во 2024 година
- Во домаќинството да нема друг член поднесено барање за субвенционирање на ваков вид субвенција
- Барателот претходно да не бил корисник на субвенција од овој тип од Општината или други повици за субвенционирање на набавка на велосипед

Барателот за исполнување на условите од став 1 од овој член со барањето ги доставува следниве документи:

- Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа
- Копија од трансакциска сметка изјава за давање на согласност за користење на лични податоци
- Изјава за семејна состојба
- Потврда од општина Пробиштип дека е платен данокот на имот заклучно со 2023 година

- Фотографија од купениот велосипед доказ дека купувањето е извршено во 2024 година и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- Изјава заверена кај нотар со која барателот под морална, материјална и кривична одговорност ќе потврди дека во домаќинството нема друг член што поднел барање за добивање на овој вид на субвенција и дека е согласен на барање на Комисијата да го донесе на увид купениот велосипед во дворот на административната зграда на Општината, во спротивно субвенцијата ќе биде одбиена.

Член 7

Барање за субвенционирање може да поднесе само едно полнолетно лице од едно домаќинство

Комисијата ќе врши увид за потврдување на веродостојноста на купениот велосипед. Барателот има обврска да го достави на увид купениот велосипед на барање на комисијата во дворот на општинската зграда.

Член 8

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-199/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 13.02.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**За одобрување субвенционирање на граѓани жители општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање**

Член 1

Со оваа Одлука се определува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори во 2024 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање.

Член 2

Се одобрува субвенционирање на граѓани жители на општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори во 2024 година, кој ќе биде утврден во објавата на општина Пробиштип.

Субвенционирањето се одобрува со цел да се стимулираат граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат почвата и воздухот и не влијаат на климатските промени.

Член 3

Субвенционирањето на граѓаните жители на општина Пробиштип на сончеви колектори ќе се финансира од Буџетот на Општина Преобиштип за 2024 година - ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2024 ГОДИНА, Подпрограма за заштита на животната средина, вкупната вредност предвидени за субвенционирање по оваа мерка изнесува 750.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 10.000 денари со вклучен персонален данок.

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден – прв услужен„

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на Општина Пробиштип.

Член 4

За субвенционирање на граѓаните жители на општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори, општина Пробиштип ќе објави јавен повик.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член се објавува на огласната табла на општина Пробиштип, на веб страната на општина Пробиштип, на фејсбук страната општина Пробиштип, на локалните медиуми и ќе важи за сите набавени сончеви колектори почнувајки од 01.01.2024 година до исцрпување на средствата до крајот на 2024 година.

Во јавниот повик од ставот 1 на овој член се наведуваат условите за учество и пријавување на граѓаните за субвенционирање за набавка на сончеви колектори кои Советот на Општина Пробиштип ги утврдува со оваа одлука.

Постапката за субвенционирање за набавка на сончеви колектори ќе ја спроведе трочлена Комисија со нивни заменици, формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип од вработените во општинската администрација.

Комисијата од ставот 5 на овој член има обврска:

- Да го објави јавниот повик за субвенционирање на граѓаните - жители на општина Пробиштип за набавка на сончеви колектори
- Да ги разгледа и провери сите пристигнати барања во врска со објавениот повик

- Да даде предлог до Градоначалникот за прифакање, отфрлање или одбивање на поднесеното барање во зависност од тоа дали барателот ги исполнува условите за субвенционирање, кои се наведени во објавениот јавен повик
- Комисијата за својата работа води Записник

Член 5

Барањето за субвенции може да се поднесе во периодот од денот на објавување на јавниот повик се до исцрпувањето на средствата.

Барателите кои имаат поднесено барање за субвенционирање по исцрпувањето на средствата или немаат уредна и комплетна документација немаат право на субвенција.

Доколку барањето е поднесено навремено, во согласност со условите од јавниот повик и ја содржи целокупната документација согласно објавениот јавен повик, Градоначалникот ќе донесе решение со кое ќе го прифати барањето за субвенција во висина утврдена во член 3 став 3 од оваа Одлука.

Ненавремено поднесено барање ќе се отфрли со решение на Градоначаллникот.

Доколку барањето за субвенција не ја содржи целокупната документација согласно условите објавени во јавниот повик и не ги исполнува условите за одобрување на субвенција, Градоначалникот ќе донесе Решение за одбивање на барањето и ќе ги наведе причините за тоа.

Член 6

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање за набавка на на сончеви колектори треба да ги исполнува следните услови:

- Да е полнолетен жител на Општината
- Да е платен данок на имот за станбенот објект во кој ќе биде инсталиран сончевиот колектор заклучно со 2023 година
- Сончевиот колектор да е купен во тековната година за која е распишан јавниот оглас почнувајки од 01.01.2024 година до крајот на 2024 гододина, односно до исцрпување на средствата
- Во домаќинството да нема друг член поднесено барање за субвенционирање на ваков вид субвенција
- Станбениот објект да не е во фаза на градба да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности и во него барателот да живее и истиот да е на територија на Општина Пробиштип.
- Само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за само еден сончев колектор.
- Барателот претходно да не бил корисник на субвенција од овој тип од Општината или други повици за субвенционирање за набавка на сончев колектор.

Барателот за исполнување на условите од став 1 од овој член со барањето ги доставува следниве документи:

- Копија од важечка лична карта или важечка патна исправа
- Копија од трансакциска сметка
- Изјава за давање на согласност за користење на лични податоци
- Потврда од општина Пробиштип дека е платен данокот на имот заклучно со 2023 година
- Доказ дека купувањето е извршено во 2024 година и тоа фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (во оригинал или копија заверена на нотар)
- Изјава заверена кај нотар со која барателот под морална, материјална и кривична одговорност ќе потврди дека во домаќинството нема друг член што поднел барање за добивање на овој вид на субвенција
- Имотен лист за објектот каде ќе биде инсталиран сончевиот колектор со адреса на подрачјето на општина Пробиштип

Член 7

Барање за субвенционирање може да поднесе само едно полнолетно лице од едно домаќинство.

Комисијата ќе врши увид за потврдување на веродостојноста на купениот на сончев колектор во две фази, и тоа:

Во првата фаза ќе ги разгледува пристигнатите барања и документацијата која е доставена со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни.

Во втората фаза ќе изврши теренска проверка кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација за да утврди дали сончевиот колектор е инсталиран во местото на живеење, кое е наведено во барањето и дека станбениот објект не е во фаза на градење.

Барателот е должен да и овозможи пристап на Комисијата до станбениот објект каде е инсталиран сончевиот колектор.

Исплатата на одобрените средства ќе се врши сукцесивно по принцип на „прв дојден - прв услужен„ по донесени решенија од Градоначалникот за исплата по предлог на Комисијата за исполнети услови од јавниот повик.

Член 8

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-199/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 48 од Статутот на општина (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 13.02.2024 година го усвои следниот :

## ПРАВИЛНИК

**За дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип**

Член 1

Во Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип бр.26-570/8 од 30.04 2015 година објавен во Службен Гласник на општина Пробиштип бр.31/2015, и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип со број 26-1084/7 од 30.09 2015 година Службен Гласник бр.36/2015 во табеларниот преглед се дополнуваат две нови табели кои ќе гласат:

| Категорија | Остварување на право критериуми | Потребна документација | Висина на парична помош |
|---|---|---|---|
| Бездомни лица | Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>- Да е корисник на гарантирана минимална помош<br>- Да е материјално необезбедено лице<br>- Да е станбено необезбедено лице<br>-Да е невработено лице | -Изјава за семејна состојба<br>-Изјава заверена кај нотар дека не поседува стан во сопственост на барателот или во сопственост на член на неговото семејство или дека не користи субвенциониран стан<br>- Копија од важечка лична карта, | Од 6.000,00 до 15.000,00 денари |
| Жртва на семејно насилство | -Да е со постојано живеалиште на општина Пробиштип<br>-Жртва на семејно насилство | -Решение од Надлежен Суд за изречени мерки за заштита од семејно насилство | Од 5.000,00 до 10.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Копија од важечка лична карта | |

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-199/16
13.02.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседавач
Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 13.02.2024 година го усвои следниот:

## О Д Л У К А

**За еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од Центарор за социјална работа, а по повод празникот на градот 28 Август**

Член 1

Со оваа Одлука се определува еднократна парична помош за корисници на надоместок за попреченост на лице со навршени 26 годишна возраст од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип и еднократна парична помош за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

Член 2

Целта на оваа мерка е поттикнување, социјално вклучување и еднакви можности на лицата со попреченост корисници на надоместок заради попреченост и корисници на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.
Надоместок заради попреченост се обезбедува за лица со навршени 26 години возраст со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепи и потполно глуви лица.

Посебен додаток како паричен надоместок се обезбедува за дете со попреченот до 26 години живот, односно за дете со тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој; умерена, тешка или длабока ментална попреченост, најтешки облици на хронични заболувања; најтежок степен на

оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице; практично глуво и тотално глуво лице; лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам, лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор, Даунов синдром и повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот во смисла на Закон на детска заштита.

Член 3

За остварување на мерката еднократна парична помош корисниците на надоместок за попреченост на лице со навршени 26 годишна возраст од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип и еднократна парична помош за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип поднесуваат барања до општина Пробиштип-Одделение за јавни дејности во прилог со Решение за остварено право од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

Еднократната парична помош се остварува еднократно, а по повод Празникот на градот 28-ми Август.

Член 4

За остварување на мерката еднократна парична помош корисници на надоместок за попреченост на лице со навршени 26 годишна возраст од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип и еднократна парична помош за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, Градоначалникот на општина Пробиштип ќе формира комисија составена од претставници од општина Пробиштип и номинирано лице од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

Номинираното лице од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип до општина Пробиштип доставува список на корисници на правата.

Член 5

Комисијата ги разгледува поднесените барања за мерката и изготвува Записник за одобрени барања.

Одделението за јавни дејности врз основа на записникот на одобрени барања изготвува Решение за исплата на финансиски средства.

Член 6

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-199/17
13.02.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседавач
Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на на седницата одржана на ден 13.02.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче“ Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се овозможува додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче“ Пробиштип.
СОУ„Н.Н.Борче“ Пробиштип го распишува јавниот повик со гласно оваа Одлука и мерка предвидена во Програмата за социјална , детска и здравствена заштита.

Член 2

За остварување на правото на додаток за образование редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче“ Пробиштип треба да се пријават на јавниот повик за додаток за образование во СОУ Н.Н.Борче Пробиштип

За остварување на правото на додаток за образование редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “Пробиштип треба да ги исполнуваат следните услови:

1. Да се државјани на Република Северна Македонија, жители на Општина Пробиштип,
2. Да се запишани во прва година како редовни ученици во СОУ Н.Н.Борче Пробиштип за тековната учебна година.

Член 3

За остварување на правото на додаток за образование за редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “Пробиштип кандидатите треба да се пријават во училиштето.
При пријавувањето, кандидатите треба да ги пополнат обрасците:

- Пријава на родител/старател поднесувач на барањето,

-Изјава од другиот родител/старател,

-Изјава за вистинитоста на сите податоци и докази потпишана од родител/старател подносител на барањето.

Член 4

За остварување на правото на додаток за образование за редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “Пробиштип родителот/старателот приложува

- Копија од трансакциска сметка на еден родител/старател подносител на пријавата.

Член 5

СОУ Н.Н.Борче Пробиштип треба да формира комисија за разгледување на пријавените кандидати по јавниот повик, ја известува општината и доставува список – табеларен преглед од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите.

Член 6

СОУ Н.Н.Борче Пробиштип ја известуваат општината секој месец, а во случај на промени чие настанување влијае врз условите за стекнување или користење на правото додаток за образование училиштето треба во најбрз можен рок да ја извести општина Пробиштип.

Член 7

Општина Пробиштип ја утврдува висината на правото на додаток за образование во Програмата за социјална детска и здравствена заштита, изготвува Решение и на месечна основа врши исплата за учениците кои ги исполнуваат условите.

Член 8

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-199/18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
13.02.2024 година Претседавач
Пробиштип Борче Миланов с.р.